Врз основа на член 19 став 2 точка 2 од Законот за Јавни претпријатија(Службен весник на РМ" бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" Управниот одбор на седницата одржана на 13.12.2024 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр.02-175/7
13.12 2024 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2025 година

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2025 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се применува од денот на добивање на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

-----------------------------

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 01-176/3
13.12 2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА

# ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, Декември 2024 Година

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6   1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

# ПРОГРАМА
## За водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2025 година

## 1.Вовед

На подрачјето на Општина Гази Баба егзистираат повеќе видови на водоснабдителни системи.
Во урбаниот дел на Општината,водоснабдувањето се врши од регионалниот водоводен систем на град Скопје,извор Рашче,и бунарското подрачје Нерези-Лепенец.
Во руралниот дел на Општината водоснабдувањето се одвива од сопствени бунари,пумпи,а во еден дел од Општината ридско –планинскиот постојат водоснабдителни системи изградени од самодопринос на граѓаните и донации од Општината и Градот Скопје. Овде спаѓаат водоснабдителните системи во населените места: Виниче, Црешево, Смилковци, Булачани, Раштак, Брњарци и Страчинци.
Во низинскиот дел во Општината водоснабдувањето во најголемиот дел е решено со новиот систем за водоснабдување од извори-бунари.
Така на пример во населеното место Јурумлери изграден е водоснабдителен систем со самопридонес на граѓаните, а потпомогнати од Општината Гази Баба и Јапонска донација.
Со овој водоснабдителен систем стопанисува ЈКП Илинден-н.м. Илинден.
Населенеото место Трубарево и Стајковци се снабдува со вода за пиење од регионалниот водоснабдителен систем на град Скопје. Цевководот во н.м Стајковци е во најголем дел реконструиран и обновен со нови главни цевководи.

## 2.Водоснабдителен систем во н.м. Виниче

Овој водоснабдителен систем е граден во период од 1996 до 1998 година.
Првичната изведба на овој систем била со два резервоара.
Во 2009 година од страна на Општина Гази Баба дополнително се изградени уште два нови резервоари со зафатнина од по 100м3, така што во овој момент водоснабдителниот систем во н.м. Виниче се состои од: Извор, четири резервоари, две прекидни комори и цевководи кој водат до крајните корисници.
Изворот се наоѓа на местото викано Врело, кое се наоѓа на надморска висина од 787 метри.
Водата од изворот се собира во првата преливна шахта.
Во сувиот дел од шахтата поставен е хлоринатор со кој се врши хлорирање на водата. Од оваа шахта водата понатаму се спроведува во цевковод кој води кон резервоарите за вода за оваа населено место.

JKП "ГАЗИ БАБА-2007"
ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

Должината на девководот од изворот Врело до првите два резервоара изнесува 1800м. На средината од таа должина се наоѓа прекидна комора. Цевководот кон овие резервоари се состои од цевки со профил од ф70мм.
Првите два резервоари се наоѓаат на местото викано Крастова Глава на надморска висина од 603м. Капацитетот на овие резервоари е од по 100м3 вода за пиење. На овие резервоари се приклучени 82 домаќинства.
Следните два резервоари се наоѓаат во самото населено место и се со капацитет,едниот 65м3, додека другиот со 100м3. На овие резервоари се приклучени 45 домаќинства.
Вкупниот број на семејства, корсници на вода за пиење во населеното место Viниче засега изнесува 136.

Со одлука на Советот на Општина Гази Баба која се однесува и на населените места Црешево и Смилковци,од месец август 2008 година со овој водоснабдителен систем стопанисува ЈКП Гази Баба-2007.
Истото има склучено договори со корисниците со кои се регулираат меѓусебните права и обврски.
Меѓу другото со овие договори е регулирана и просечната месечна потрошувачка на вода по семејство.
Сите предходно спроведени мерки доведуваат до уравнотежена потрошувачка на вода,односно нејзино рационално користење.
Во ЈКП Гази Баба-2007 е инсталиран софтвер за евиденција на потрошената вода. Првите сметки за потрошена вода за пиење од овој софтвер се изготвени за месец септември 2008 година.

Јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007 врши тековно одржување, како и санација на настанатите дефекти на водоводната мрежа и немаше проблеми со издашноста на изворите.
Во текот на изминатава 2024 година немаше посериозни застои во водоснабдување на н.м Виниче. Во текот на 2024 г. Направени се неколку нови водоводни приклучоци .

2.1 Имајки го во превид фактот дека водата во ова населено место доаѓа по природен пат од изворите на Скопска Црна Гора и истата попатно е изложена на различни надворешни атмосферски влијанија, притоа сосебе носејќи различни тревки, листови од дрвја, појава на заматување во зимските периоди итн. , неопходно е истата да помине низ определена филтер станица која ќе ги одклони сите горе наведени недостатоци. за таа цел ЈКП Гази Баба 2007 изработи проектна документација за филтер станица која ќе биде поставена на однапред определена локација, и оваа година ќе аплицира во достапни фондови на меѓународни финансиски институции., Министерството за транспорт и Министерството за локална самоуправа.

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**3.Водоснабдителен систем во н.м.-Црешево**

Водоснабдителниот систем во н.м. Црешево изграден е 1998 година.
Истиот се состои од:главен цевковод,еден резервоар,и секундарна водоводна мрежа со придружните објекти(контролни и волдомерни шахти,хидранти и др.)
Овој водоснабдителен систем располага со еден резервоар за вода со капацитет од 200м3.
Неговата локација е на највисоката точка во ова населено место.

На водоводната мрежа досега се приклучени вкупно 356 корисници.
Населеното место се снабдува со вода за пиење од изворот Рашче.
Цевководот поминува низ кругот на Скопска Железарница

Во кругот на АД РЖ-Услуги се наоѓа пумпна станица во која се сместени пумпи со кои се врши препумпување на водата до резервоарот во н.м. Црешево.
За обезбедување на доволен капацитет на вода за пиење за ова населено место поставени се две пумпи,со проток од (12 и 9) л/сек.со електричен ормар во кој е сместен Субмонитор,со кој се следи работата на пумпите и истиот овозможува нивна заштита(односно исклучување при одредени промени во напонот во електричната инсталација или работа на суво односно, прекин на доток на вода во пумпната станица и други неправилности). Поврзувањето на Резервоарот и Пумпената станица до летото 2023 година беше со жичана врска која беше дотраена и оштетена од нелегални ископи на повеќе места поради што многупати имаше застој во водоснабдувањето со вода. За надминување на овој проблем 2023 година ЈКП Гази Баба 2007 направи целосна реконструкција на примопредавателниот систем како и контролните ормари и нивна замена со сигурна бежична врска и воведување на ,, скада систем,, за мониторинг. Направена е целосна автоматизација на системот , а останува проблемот со непостојаниот напон на електрична енергија во кругот на Железара . Поради тоа ЈКП Гази Баба во 2024 година согласно законските можности и процедури а во соработка со општината започна процедура за одвојување на системот за водоснабдување и сопствено напојување на пумпената станица ( со сопствено броило односно приклучок за ел. Енергија ) и се надеваме дека за тоа ќе добиеме согласност од надлежните во РЖС како и ЈП Водовод и канализација Скопје.по изготвување на проектот и изведба на цевководот од страна на општината за 2025 година предвидуваме изградба и на пумпената станица на договорена локација со Водовод и канализација на Град Скопје.

Должината на примарната мрежа изнесува 6725 метри со профил на цевките од Ф 110мм, додека секундарната мрежа е со должина од 11 700 метри, и профил на цевките од Ф110мм до ф50мм. На истата има поставено 24 пожарни хидранти со Ф 80мм.

Од Ноември 2008 година со овој водоснабдителен систем стопанисува Јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007. Истото има склучено договори со корисниците на вода за пиење со кои се регулирани меѓусебните права и обврски. Првите сметки за потрошена вода за пиење се доставени во месец декември 2008 година.

Како недостаток на системот може да се каже,слабиот квалитет на цевководот,(тенкозидни цевки) а кои поради спецификата на теренот поставени на камена подлога се подложни на напукнувања, а особено на делови каде поминуваат тешки товарни моторни возила. И автобуси кои создаваат дополнителни вибрации и можност за напукнувања.
Оваа особено се однесува на делницата на трасата покрај патото за н.м. Смилковци,од Заобиколницата па се до мостот во Црешево.
Важно е да напомениме дека поради нередовен и нестабилен дотур на вода во цевководот од каде што нашите пумпи ја превземаат водата од месец април досега повеќе пати се јави прекин во водоснабдувањето во ова населено место а сменети се или санирани четирипати пумпите од моќност 24кв . За истиов проблем е интервенирано до РЖ Услуги но од таму се оградуваат од одговорност иако системот е во нивна надлежност.
Овие недостатоци се манифестираат и понатаму, а во периодот што следи ќе работиме на отклонување на истите. И оваа година имаше појавата на зголемена потрошувачка на вода во летните месеци, во месец јули и август поради што ЈКП Гази Баба 2007 повторно спроведе ригорозни контроли со вметнување на камери во системот со кои ќе се бараат диви приклучоци на водоводната мрежа, како и теренски контроли , и истата ќе продолжи и оваа 2025 година.

**4.Водоснабдителен систем во н.м.-Смилковци**

Водоснабдителниот систем во н.м-Смилковци е изграден 1993 год.
Од ноември 2008 година со овој систем заедно со водоснабдителниот систем во н.м.Црешево стопанисува Јавното комуналнот претпријатие Гази Баба-2007.
Водоснабдителниот систем во ова населено место располага со еден резервоар за вода со капацитет од 80м3.
И ова населено место со вода за пиење се снабдува од изворот Рашче преку препумпната станица Р.Ж.Услуги.
За таа цел користиме потопна пумпа со проток од 6 лит./сек, сестена во ова препумпна станица.
Таа е приклучена во истиот ормар со пумпите за н.м.Црешево,исто така заштитена од оштетување при прекин на електрично напојување, или промена на напонот во мрежата,како и при прекин на доток на вода во пумпната станица кој ЈКП Гази Баба оваа година целосно го реконструира.
На овој водоснабдителен систем до сега се приклучени 105 корисници.
Првите сметки за потрошена вода за пиење се доставени во месец декември 2008 година.
Оттогаш па се до денес Јавното комунално претпријатие Гази-Баба 2007 изготвува и наплаќа сметки за потрошената вода за ова населено место.
Недостатоците кои беа наведени за водоводниот систем Црешево се однесуваат и на овој водоводен систем,и ни се одразуваат на бројот на дефекти и на овој водоводен систем.

Важно е да напомениме дека поради нередовен и нестабилен дотур на вода во цевководот од каде што нашите пумпи ја превземаат водата од месец април досега повеќе пати се јави прекин во водоснабдувањето во ова населено место а сменети се или санирани четирипати пумпите од моќност 12кв . За истиов

проблем е интервенирано до РЖ Услуги но од таму се оградуваат од одговорност иако системот е во нивна надлежност.

ПСОВ Смилковци фунционира и редовно се сервисира.

**5.Водоснабдителен систем во н.м-Раштак**

Стариот Водоснабдителниот систем во населеното место Раштак е изграден во 1972 година,со самопридонес на месното население истиот веќе не е во употреба , а општината Гази Баба во изминатите години во неколку фази изгради нов систем за водоснабдување и истиот е предаден на управување и одржување на ЈКП Гази Баба летото 2023 година.
Тој поседува два резервоара со капацитет од по 120м3 . Водата во резервоарот доаѓа од две бушотини а во случај на исклучителна потреба дополнително од претходно користените три одделни извори. Моментално вкпниот број на приклушени мерни места изнесува повеќе од 420 корисници, резиденти и нерезиденти.
Преку доводни цевки ,преку контролна шахта водата се спроведува до пречистителната станица.

Да напомениме дека на почетокот на 2010 година беше пуштена во употреба современа пречистителна станица чии што филтри се сменети во 2023 година и истата е целосно репарирана, со што жителите на с.Раштак ќе добиваат чиста вода за пиење.
Тука водата се хлорира и се спроведува до резервоарите од каде низ водоводната мрежа се спроведува до крајните корисници.
Општината Гази Баба инвестираше во проект за доизградба на водоводната мрежа од високата зона од ова населено место.
Во месец август започнавме со наплата на вода за месното население .

Би сакале да напомениме дека оваа година почнувајќи од месец август 2023г. н.м Раштак добива вода исклучиво од извори , поврзани се бушотините на вода во близина на филтер станицата , ЈКП Гази Баба 2007 во текот на летото спроведе ригорозни контроли во летниот период со цел наменско користење на водата за пиење и домашни потреби на жителите, а никако за полевање или наводнувае на земјоделски површини.

**6.Водоснабдителен систем во н.м.-Булачани**

Водоснабдувањето во населеното место Булачани се врши преку два одвоени водоснабдителни система.
Од април 2010 година се одлука на советот на Општина Гази Баба еден од системите е предаден на управување и стопанисување на ЈКП Гази Баба-2007.
Водата се зафаќа од изворите викани :Белавода,Ќумче ,Човек ,ГолемаЧешма и Дилидере. Истата се спроведува во две водоводни цевки со дијаметар од ф63мм,и тоа:од изворот Дилидере во една,а од останатите четири извори во друга цевка.

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

Вака собраната вода во две цевки доаѓа до преливната шахта,која се наоѓа изнад населеното место Булачани. Во сувата комора од преливната шахта поставен е хлоринатор за хлорирање на водата. Од преливната шахта преку една цевка ф63 се спроведува до првиот резервоар,кој е со капацитет од 160м3. Веднаш до него се наоѓа и друг резервоар со капацитет од 80 м3, кој е поврзан со предходниот. На ова делница ни се појавува еден недостаток од системот.
Имено, од преливната шахта до првиот резервоар доаѓа само една цевка ф63мм,односно се појавува тесно грло во системот. Ова посебно се манифестира во зимскиот период кога имаме зголемен доток на вода во системот. При тоа неможејќи истата да се собере во ова цевка доаѓа до прелевање надвор од преливната шахта.
Двата резервоари се во непосредна близина еден до друг,и се наоѓаат на местото викано Росов Рид,од каде водата по природен пат доаѓа до потрошувачите.
На водоводната мрежа досега се приклучени вкупно 237 корисници.

Изминатите години Општина Гази Баба изведе комплетна реконструкција на примарната и секундарната мрежа во другиот дел од н.место Булачани каде што ЈКП "Гази Баба 2007"-Скопје веќе стопанисува. Паралелно на овие активности, ЈКП Гази Баба 2007-Скопје вршеше монтажа на водомери односни ги приклучуваше корисниците на новата водоводна линија.

Имајки го во превид фактот дека водата во ова населено место доаѓа по природен пат од изворите на Скопска Црна Гора и истата попатно е изложена на различни надворешни атмосферски влијанија, притоа сосебе носејки различни тревки, листови од дрвја, појава на заматување во зимските периоди итн. , неопходно е истата да помине низ определена филтер станица која ќе ги одклони сите горе наведени недостатоци. Затоа ЈКП "Гази Баба 2007" во 2024 изработи проектна документација за филтер станица која ќе биде поставена на однапред определена локација, пред самите резервоари, се со цел водата која што влегува во резервоарите и доаѓа до крајните корисници да биде кристално чиста.
Во ова населено место е планирано да бидат поставени две филтер станици, имајки го во предвид фактот дека селото се снабдува со вода од два различни водоводни системи.
Во 2024 година започнавме со поставување на нова филтер станица која што работи на автоматско перење на филтрите и истата не произведува дополнителни трошоци. Овие средства се обезбедија од Буџетот Општина Гази Баба . За 2024 очекуваме да заврши и втората фаза односно целосно опфаќање на сировата вода од двата резервоари , нејзино филтрирање и хлорирање и дистрибуција до потрошувачите.

И оваа година е спроведена теренска котрола за диви приклучоци. Како резултат на тоа инспекциските служби на општината во два случаја интервенираа на терен и превземаа соодветни мерки кон сторителите.
Во текот на изминатата година во ова населено место настанаа повеќе дефекти кои беа успешно санирани.

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**7.Водоснабдителен систем во н.м.-Страчинци**

Водоснабдителниот систем во н.м Страчинци е изграден во 1976 година.
Водата за ова населено место првично се обезбедувала од извор од блиската планина од местото викано Брест. Со намалување на издашноста на овој извор се појавила потреба од нови извори на вода. Поради тоа извршени се две бушотини во поднејјето на ова населено место,во месноста викана Јурија на длабочина од 65 метри.
Водата со помош на пумпи се транспортира до резервоарот од каде по природен пад доаѓа до корисниците. Недостаток на овој водоводен систем е старата секундарна водоводна мрежа . Во тек е изградба на нова водоводна мрежа со средства обезбедени од Министерство за економија.
Превземање на управувањето на системот од страна на ЈКП Гази Баба-2007 до сега не е направено.

**8.Водоснабдителен систем во н.м-Брњарци**

Водоснабдителниот систем во населеното место Брњарци изграден е 2003 година со странски донации.
Изворот е бушотина од 65м, а се наоѓа во подножјето на населеното место,од каде водата со пумпи се испумпува до резервоарот. Од резервоарот по природен пат се доведува до потрошувачите. Водата се хлорира од страна на назначено лице на ова населено место.
Општината Гази Баба оваа година превзема чекори за превземање на водоводниот систем од страна на жителите на ова населено место , а потоа следен чекор би бил предавање на управување и стопанисување на истиот на ЈКП Гази Баба 2007.

**ПСОВ на територија на Општина Гази Баба.**

**9. ПСОВ**

Во текот на 2022 е завршена изградбата на ПСОВ Смилковци која што е реализирана со помош на меѓународни финансиски институции како и Општина Гази Баба, а со одлука на Советот на Општина Гази Баба истата е предадена на управување на ЈКП Гази Баба. Ова е првата од неколкуте ПСОВ кои се очекуваат да бидат превземени од страна на ЈКП Гази Баба 2007 и истата ги опфаќа фекалните води од новата фекална канализациона мрежа во н.м Смилковци која што беше изградена од страна на Општина Гази Баба. Станицата е целосно автоматизирана.
Овој беше нов предизвик со кои се соочи ЈКП Гази Баба 2007 и засега успешно се справуваме со истиот заради кој вршиме обука на дел од нашите вработени кои управуваат со истиот. И понатаму планираме ангажирање на соработници кои ќе ни помагаат во одржувањето на овие станици , а во догледен период истите

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

системи целосно ќе бидат управувани од страна на обучени лица од ЈКП Гази Баба 2007.

ПСОВ Јурумлери 2023 г. Е првземена од страна на ЈКП Гази Баба 2007 направивме скенирање и испитување на системот и истиот ќе биде ставен во употреба .

* * *

Во претходно наведените точки беа наведени основните карактеристики на водоснабдителните системи кои функционираат во руралниот дел на подрачјето на Општина Гази Баба, меѓу кои и системите со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007,а засега тоа се водоводните системи:Смилковци,Црешево,Виниче , Булачани-1-2 и Раштак
Исто така наведовме одредени проблеми во однос на одржувањето на овие водоводни системи во функција.

Во наредниот период Јавното комунално претпријатие ќе ги превземе на управување и стопанисување и следните водоводни системи Брњарци и Страчинци а во соработка со општина Илинден и ЈКП Илинден и превземање на обврската за правење на водоводни приклучоци на водоводната мрежа во ,Гоце Делчев, Јурумлери, НоваКолонија, Идризово и Дрма.

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6  1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01


За остварување на програмата за водоснабдување на овие населени места за наредната 2025 година се предвидува дека ќе бидат потребни следниве средства:

| **Водоводен систем** | **Предвидени трошоци** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Раштак<br>Булачани<br>Виниче<br>Брњарци** | Делови и опрема<br>Електрична енергија<br>Трошоци за одржување за водоснабдителен систем | **1 200 000.00 денари** |
| **Црешево<br>Смилковци** | Трошоци за одржување<br>Делови и опрема<br>Хидроизолација водовод<br>Реконструкција на електроормари набавка на пумпи | **1 500 000.00 денари** |
| **Канализациски систем** | | |
| **Јурумлери вакуум станица и вакуум систем** | Трошоци за одржување на канализација<br>Делови и опрема<br>Електрична енергија | **2 500 000.00 денари** |
| **Гоце Делчев<br>Идризово<br>Н.Колонија** | Трошоци за одржување на водовод и канализација<br>Делови и опрема<br>Електрична енергија | **1 000 000.00 денари** |
| **Трубарево** | Делови и опрема<br>Електрична енергија<br>Трошоци за одржување за канализација | **1 000 000.00 денари** |
| **Јурумлери<br>Трубарево<br>Гоце Делчев<br>Смилковци<br>Црешево<br>Булачани<br>Раштак<br>Виниче** | Лабараториски испитување на милта и отпадните води и вода за пиење | **200.000.00 денари** |
| **ПСОВ ( Јурумлери ,Смилковци )** | трошоци за струја<br>делови и репроматеријали | **1 500 000.00 денари**<br><br>**3 000 000.00 денари (струја)** |
| | **Вкупно предвидени трошоци:** | **11 900 000,00денари** |

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Благоја Стефковски бр. 6 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01


**Финансирањето на програмата ќе се обезбеди од буџетот на Општина Гази Баба (Програма Ј4-поправка и одржување на опрема во висина од 8 900 000 000 денари, и од Програма Ј3 одржување и реконструкција на улично осветлување (електрична енергија) во висина од 3 000 000,00 денари) и други средства утврдени со Закон.**

За непречено функционирање,односно извршување на својата функција на овие водоснабдителни системи, Јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007 ги превзема следниве активности:

-Тековно одржување на овие системи

-Санација на дефектите на истите

-Редовно хлорирање и испитување на квалитетот на водата за пиење

-Контрола на потрошувачката на вода за пиење

-Наплата на сметки за потрошената количина на вода.

За контрола на квалитетот на водата Јавното комунално претпријатие има склучено договор со ФУДЛАБ лабараторија која ќе врши редовна контрола на физичко-хемиска и бактериолошка исправност на истата.

Досегашните резултати покажуваат висок квалитет на водата за пиење,и не е забележано присуство на хемиски елементи и тешки метали.
Опслужувањето и одржувањето на овие системи подразбира ангажирање на :луѓе, алат, прибор и соодветна опрема.

Начинот на ангажирање на лицата преку Јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007 подразбира засновање на работен однос на определено или неопределено време, со што овие лица ги уживаат сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за Работни односи.

Степенот настручна подготовка за извршување на овие активности,како и бројот на лицата за извршување на истите е дефиниран со Правилникот за Организација и Систематизација на работни места во Јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007.
За извршување на својата дејност Претпријатието располага со соодветен алат, прибор и опрема кои постојано се комплетираат.

**ЈКП ГАЗИ БАБА-2007**
**Вд.Директор**
**Игор Атанасовски**

---------------------------------

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ